ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"СТРЕЖЕВО"
бр. 05-8071/2
05.12. 2019 год.
БИТОЛА

8071/2

Друштво за трговија и услуги
НАУТИКУС ДООЕЛ
Бр. 56/19
05.12. 2019 год.
Скопје

ДОГОВОР
ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ
склучен на ден 05.12.19 помеѓу следните

I.ДОГОВОРНИ СТРАНИ
ЈП СТРЕЖЕВО - БИТОЛА
ул.Булевар 1 ви Мај 77 Битола Р.Македонија
застапувано од директорот Методија Граматковски
( во понатамошниот текст - Договорен орган ) од една страна

и

Наутикус ДООЕЛ Скопје
ул. Иван Цанкар бр. 4-6 1000 Скопје
застапувано од Владимир Моловски
(во понатамошниот текст- Носител на набавката) од друга страна

II.ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР

член 1

Предмет на овој Договор е јавна набавка на стоки - Санка за снег (Grand Touring Sport 600 ACE), за потребите на ЈП Стрежево Битола, согласно понудата на понудувачот од спроведената постапка за набавка од мала вредност и објавениот оглас бр.11383/2019 од 01.11.2019 година.

III.ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

член 2

Јазикот на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонски јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

член 3

Цената на стоката е согласно листата на цени наведена во понудата на носителот на набавката.

Вредноста на договорот изнесува 600.000,00 ден., без пресметан ДДВ. Вредноста на ДДВ изнесува 108.000,00 ден.

V.ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

член 4

Договорот се склучува на определено време за период од година дена од денот на потпишувањето на истиот од страна на двете договорни страни.

VI.ДИНАМИКА, НАЧИН И МЕСТО НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА

член 5

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката која е предмет на договорот во рок од 10 дена од писмена нарачка после склучување на договорот за јавна набавка. Место на испорака: ски центар Ниже Поле.

VII.НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

член 6

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниот начин - вирмански во рок од 30 дена од фактурирањето, на сметка и банка за која писмено ќе го извести Носителот на набавката.

VIII.РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА (корекција на цени)

член 7

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на Носителот на набавката ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

IX.ГАРАНЦИЈА

член 8

Носителот на набавката гарантира дека ќе ја испорача стоката која што е предмет на набавката, согласно стандардите пропишани со Закон за овој вид на стоки.
Санката да има гаранција од најмалку 2 (две) години. Обезбеден сервис и резервни делови во гарантниот период. Во цената на понудата ќе биде вклучена и обука на кадар за ракување и одржување на санката на терените каде што ќе се користи истата.

X.ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

член 9

За евентуалните квалитативни и квантитативни недостатоци ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

Во случај на виша сила меѓусебните права и обврски се преуредуваат, а штетните последици ќе се уредуваат на задоволителен начин за двете страни.

Договорот е составен во четири примероци од кои по два за секоја договорна страна.

Во случај на спор надлежен е Основен суд - Битола.

Прилог - понуда на понудувачот

Подготвил: м-р Билјана Четаловска
Контролирал: Томе Иванов
Одобрил: Христиана Голубовиќ

| | |
|---|---|
| Договорен орган | Носител на набавката |
| Директор | Одговорно лице |
| Методија Граматковски | Владимир Моловски |
| ______________________ | ______________________ |

5
08.11.2019

# НАУТИКУС – Дооел

Ул.Иван Цанкар бр.4-6
1000 Скопје, Р. Македонија
Тел/факс: + 389 2 2056 911

## Прилог 1 – Образец на понуда

Врз основа на огласот број 11383/2019 објавен од страна на Јавно претпријатие Стрежево – Битола, за набавка на санка за снег со спроведување на набавка од мала вредност, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

ПОНУДА

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Наутикус - Дооел
I.2. Контакт информации
- Адреса: Ул. Иван Цанкар бр: 4-6 , 1000 Скопје, Р.Македонија
- Телефон: 02/2056911
- Факс: 02/2056911
- Е-пошта: nautica@mt.net.mk
- Лице за контакт: Моловски Ѓоко

I.3. Одговорно лице: Моловски Владимир
I.4. Даночен број: 4057015530754
I.5. Матичен број: 7083394
I.6. Доколку има подизведувачи да се наведат
I.7. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака на стоката утврден во тендерската документација.

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве стоки:

| Ред. бр. | Опис на производот | Понудени карактеристики | Земја на потекло/производител |
|---|---|---|---|
| 1 | Максимална должина на санката | 3.038 mm | Канада |
| 2 | Максимална ширина на санката | 1.217 mm | Канада |
| 3 | Максимална висина на санката | 1.405 mm | Канада |
| 4 | Број на седишта | 2 + карго простор | Канада |
| 5 | Гасеница гумена со максимална должина | 3.487 mm | Канада |
| 6 | Минимална висина на лопатките | 381 mm | Канада |
| 7 | Мотор | 600 ccm | Канада |
| 8 | Минимална моќност на моторот | 44 kW | Канада |
| 9 | Број на цилиндри | 2 | Канада |
| 10 | Механички полуавтоматски менувач со две брзини за напред (спора и брза), неутрал и една брзина за назад | Да | Канада |
| 11 | Погон со варијабилна спојка со ремен (каиш) | Да | Канада |
| 12 | Гориво | Безоловен 92 октани | |

**Гаранција : 2 години**

**Постпродажен период: Фирмата Наутикус – Дооел е овластен застапник на BRP – SKI DOO со овластен сервис и резервни делови**

**Дел III – Финансиска понуда**

| Реден број | Опис на производот | Единица мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Санка за снег | парче | 1 | 600.000,00 | 108.000,00 |

III.1. Вкупната цена на нашата понуда вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 600.000,00 *[со бројки]* (Шестотини иљјади денари) *[со букви]* денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 108.000,00.

III.2. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III.3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум

Скопје,07.11.2019 г

Одговорно лице*

(потпис)

*Образецот на понудата може да биде потпишан и од лице овластено од одговорното лице

Makedonski Telekom CA, Vladimir Molovski

Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Vladimir Molovski
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=NAUTIKUS DOOEL Skopje:4057015530754, serialNumber=CRT3510574, cn=Vladimir Molovski
Date: 2019.11.06 09:37:40 +01'00'